РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-13/27
16 /11/2026 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево број 08-2698/1 од 26.11.2025 година ,Градоначалникот на Општина Делчево донесе

ОДЛУКА
За распишување на избор на членови на
Совет на Урбана заедница Пролет,Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови Советот на Урбана заедница Пролет,општина Делчево.

Член 2

Изборот на членови на Советот на урбаната заедница во Пролет,ќе се спроведе на ден 19.11.2026 година(четврток),со почеток во 18.00 часот.

Член 3

Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот,часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страна на Оптшина Делчево,како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски

Изготвила:
Џ.Мемедова

Одобрила:
С.Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО